ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД
Булевар Туристичка 79
Тел.046/266-600

E-mail:
jpgradskipazar@yahoo.com
www.gradskipazarohrid.mk

Депонент на :
Шпаркасе банка
250-0002013595-98
Тутунска банка
210-0666168801-94

Даночен број:
4020010514296
ДДВ број: МК4020010514296

Согласно член 19,20,21,22, 23 и 90 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42 од 16.02.2021 год), Управниот Одбор на Јавнотото претпријатие Градски Пазар –Охрид, донесе

ПРОЦЕДУРА

За остварување на право на пристап и исправка на личните податоци на субјекти на личните податоци

Јавнотот претпријатие Градски Пазар –Охрид, во понатамошниот текст-јавно претпријатие) во рамките на својот делокруг на работењето издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп, како основна дејност има управување со пазари на големо и мало на територијата на општина Охрид .
Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, јавното претпријатие е Контролор на лични податоци, а Субјекти на лични податоци се вработените и сите други субјекти на лични податоци чии лични податоци по кој основ и а било кој начин се обработуваат од јавнотот претпријатие.
Упатството ги опишува постапките за информирање на субјектот на личните податоци во врска со обработка на собраните лични податоци, поднесување на барање од страна на субјектот на личните податоци за издавање на информации за обемот и целта на обработка на неговите лични податоци, за запирање на обработка на неговите лични податоци и ограничување на првата.

1.Права на субјектот на личните податоци
Кога јавнотот претпријатие прибира лични податоци, го информира субјектот на личните податоци за :
-идентитетот на Јавното претпријатие
-целите на обработката
-корисниците или категориите на корисниците на личните податоци
-задолжителноста на давања на одговорите на прашањата
-можните последници ако не се даде одговор
-постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци
Доколку се работи за субјект кој веќе е информиран за работите од став 1, јавното претпријатие нема обврска за повторно информирање на субјектот на личните податоци.

2.Барање информации од страна на субјектот
Субјектот на лични податоци има право да бара од Јавното

претпријатие да го информира
-дали врши обработка на неговите лични податоци, за целите и правниот основ на обработка на личните податоци;
-за корисниците на кои им се откриваат податоците
-за изворот на податоци
-за логиката на автоматизирана обработка, во случај на автоматска обработка,која има влијание врз субјектот на личните податоци
Барањето се поднесува во писмена форма на посебен образец бр.1. –Барање за доставување на информации за обработка на личните податоци, достапен на Интернет страна јавното претпријатие. Барањето се доставува до архивата на јавното претпријатие и истото потоа се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребитните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготува одговор на Барањето, кое се доставува во писмена форма во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето на контакт адреса на субјектот на личните податоци.
Доколку Јавното претпријатие еднаш одговорило на барањето на субјектот на личните податоци, нема обврска повторно да одговора на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промена во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на предходното барање до новото барање.

3.Измена, дополнување или бришење на лични податоци

По барање на субјектот на личните податоци, Јавното претпријатие има обврска да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со одредбите на овој закон.
Барањето за дополнување, измени или бришење се доставува во писмена форма на посебен образец бр.2-Барање Република за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на лични податоци, достапен на Интернет страна на Јавно претпријатие. Барањето се доставува до архивата на Јавното претпријтие и истото потоа се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготвува одговор на Барањето.
За извршенотот дополнување, измена или бришење на личните податоци, Јавнотот претпријатие најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето односно од денот на утврдување на неточност на податоциите, писмено го известува субјектот на личните податоци, корисниците на личните податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошоци.

4. Запирање на обработка на личните податоци

Субјектот на личните податоци има право да побара запирање на обработка на неговите лични податоци. Барањето се поднесува во писмена форма на посебен образец бр.3-Барањето за запирање на

обработка на лични податоци, достапен на Интернет страната Јавното претпријатие. Барањето се доставува до писарницата на Јавно претпријатие и истото потоа се проследува до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци на субјектот и изготвува налог за запирање на обработката на личните податоци на субјектот.

5.**Обработка на личните податоци преку систем за вршење видео надзор.**

Контролорот врши видео надзое во службените простории за
-заштита на сопственоста
-обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од деловните простории само за безбедносни цели
Видео надзорот е автоматизиран и временското чување на записот не може да биде повеќе од 30 дена.

Процедурата заедно со Образец бр.1, бр.2 и бр.3 како прилог се објавува на огласна табла и на Интернет страната на Јавното претпријатие Градски Пазар Охрид.

УПРАВЕН ОДБОР

Миле Чавдаров

_____